Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 02-3611/1
12.01 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Упатство за користење на порталот за размена на документи помеѓу пензиските друштва и МАПАС

Мај 2021

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 47 став (1) точка л) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019) и член 8 став (1) точка о) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013 година, бр. 02-13/5 од 22.01.2014 година, 02-1316/4 од 11.11.2014 година, 02-83/3 од 30.01.2015 година, 02/1259/6 од 27.11.2018 година и 02-464/6 од 29.03.2019 година), членот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на 11.05.2021 година, донесе

**Упатство за користење на порталот за размена на документи помеѓу пензиските друштва и МАПАС**

Со ова упатство се опишува начинот на користење на порталот за размена на документи помеѓу пензиските друштва и МАПАС (во натамошниот текст: порталот). Со порталот управува МАПАС преку администратор.

За секој процес во кој е вклучена достава на документи до МАПАС, пензиското друштво овластува лице (корисник) за достава документи преку овој портал. Пензиското друштво доставува барање до администраторот за одобрение или промена на корисници (вклучувајќи промена на привилегии на корисник) на порталот на Образец број 1, кој е составен дел од ова упатство. Пензиското друштво за секој корисник одредува привилегии за достава на документи до МАПАС врз основа на областите и подобластите дефинирани на порталот. Администраторот одобрува привилегии на порталот со доделување на корисничко име со кое корисникот се вклучува на порталот.

Пензиското друштво ги ревидира доделените привилегии, за пристап на корисници на порталот, во декември секоја година, за што го известува МАПАС на Образец број 2, кој е составен дел од ова упатство.

Пензиското друштво ги доставува документите преку порталот на начин опишан во Корисничкото упатство за порталот и Упатство за поединечен документ. Корисничкото упатство ги содржи чекорите за достава, односно поднесување на документ преку порталот, додека Упатството за поединечен документ е составен дел

од секој документ и се однесува на описот на документот и начинот на негово именување.

Член на Советот на експерти,
Дарко Саздов

**Образец број 1**

Барање за одобрување/промена на привилегии на корисник

| Пензиско друштво: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Е-маил** | **Работна позиција на корисникот** | **Нов корисник, бришење на корисник, промена на привилегија** | **Привилегии Област/подобласт** |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Забелешка:

___

___

___

___

Потпис

___

**Образец број 2**

Ревизија на корисници и нивни привилегии

| Пензиско друштво: | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Работна позиција на корисникот** | **Привилегии Област/подобласт** |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Забелешка:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Потпис

____________